Здружението на автори на музички дела на Република Македонија “Шпато”, Здружението за колективно управување на сродните права на уметниците изведувачи од Македонија КОМИП, Здружението за заштита на авторски музички права на Македонија-ЗАМП и Организацијата за колективно управување на правата на производувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи Македонска Музичка Индустрија – ММИ, предлагаат во новиот Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да останат ставовите 4, 5, 6, 7 и 15 од Член 92 на постојниот Закон (Сл.весник на РМ бр.184/13, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).
Потребата од јасна поддршка на домашните автори произлегува од неколку факти:

- Глобализацијата ги загрозува културите и јазиците на земјите со помал број на жители, како што е Република Македонија;

- Поддршката на авторите кои создаваат во Република Македонија не е во спротивност со европските директиви;

- На тој начин ќе овозможиме поголем развој на домашното музичко творештво;

- Многу земји членки на ЕУ го уредиле работењето на своите аудио и аудиовизуелни медиуми со обврска за емитување сопствена музика, изразено во проценти, во полза на нивниото музичко творештво (Франција, Хрватска, Романија, Полска, Грција), а тоа го прават и повеќе држави надвор од ЕУ.

Во прилог Ви ги доставуваме постојните одредби од член 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ бр.184/13, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) ):

(4) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат се обврзуваат во текот на неделата да емитуваат најмалку осум часа, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 14 часа, инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% треба да биде **забавна** инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика, а 50% **народна** инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика.

(5) Јавниот радиодифузен сервис е обврзан на најмалку еден телевизиски и еден радио програмски сервис на македонски јазик и на телевизискиот и радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика **изворно создадена во Република Македонија** да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство.

(6) Радиодифузерите се обврзани најмалку половина од обврската за музика утврдена во ставовите (4) и (5) на овој член да го остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

(7) Правилата за спроведување на обврските од овој член подетално ги пропишува Агенцијата.

(15) Радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Оваа одредба не се однесува за јавниот радиодифузен сервис.

Здружението на автори на музички дела на Република Македонија **ШПАТО**
Претседател - Александар Ристовски

Здружението за колективно управување на сродните права на уметниците изведувачи од Македонија **КОМИП**
Претседател - Славе Димитров

Здружението за заштита на авторски музички права на Македонија-**ЗАМП**
Претседател на Управен Одбор - Григор Копров

Организација за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи Македонска Музичка Индустрија – **ММИ**
Претседател – Авни Алиу